РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 25-2208/1
10.04 2018 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за заштитата на потрошувачите |
| Одговорно лице и контакт информации: | Нериман Целадини, раководител на Сектор за внатрешен пазар<br>Тел. 02/3 093 512 |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго_______________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | ДА |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | / |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | април 2019 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

## 1.1 Опис на состојбите

Во законодавството на Република Северна Македонија, правата на потрошувачите, формално законски со општ закон, за првпат беа регулирани со донесувањето на Законот за заштита на потрошувачите од 29 јули 2000 година. Сепак, поради потребата од поцелосно усогласување со директивите на Европската унија, во 2004 година беше донесен нов Закон за заштита на потрошувачи на 17 јуни 2004 година, кој стапи на сила на 25 јуни 2004 година. Главните измени на овој закон се случија со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачи од 25 февруари 2011 година, со кој се воведе ново поглавје кое се однесува на нечесно однесување на пазарот, измамнично однесување на пазарот, како и нова колективна заштита, заедно со регулирање на постапката, надлежноста, одлуките и постапката за жалба, во случај на повреда на правата на потрошувачите и агресивно однесување на пазарот. Со влегувањето во сила на овие промени, се воспостави подобра и посеопфатна заштита на потрошувачите. Во исто време Законот за заштита на потрошувачите стана модерен закон кој ги следи трендовите на промени во законодавството на европско и светско ниво, земјќи ја во предвид обврската на Република Северна Македонија да го усогласи македонското законодавство со *Acquis Communautaire* што произлегува од потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА).

Со Закон за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13,97/15, 152/15 и 140/18) се уредуваат правата и обврските на потрошувачите, условите и начинот на заштитата на потрошувачите, условите за трговско работење што се од значење за заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на потрошувачите, како и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите. Во однос на надзорот законот е усогласен согласно националниот систем на надзор и имплементација на законот од страна на надлежните инспекциски органи и воедно одредувањето на судските постапки е согласно националниот правен систем.

## 1.2. Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Законот за заштита на потрошувачите кој е на сила е изработен и развиен под силно влијание на европското законодавство. Сите измени и дополнувања на законот се насочени кон усогласување на националното законодавство и ова во голема мера е постигнато. Сепак, во законот не постојат решенија што произлегуваат од новите директиви. Особено, треба да се забележи дека системот на одговорност утврден во Законот за заштита на потрошувачите во однос на одговорноста за производот кој не е во согласност, неисправен производ и небезбеден производ има недостатоци во однос на регулирањето на предметот и со тоа и правните последици во овие квалитативно различни ситуации. Дополнително и особено важно е дека бројните измени и дополнувања на Законот го отежнаа мониторингот и разбирањето, што директно води кон остварување на едно од основните права на потрошувачите - правото на информирање. Исто така,

како резултат на донесувањето на Директивата за потрошувачки права, законот во делот кој се однесува на регулирање на договори склучени надвор од деловните простории на трговецот и договори склучени на далечина, претрпе значителни промени. Од една страна, измените го направија законот посовремен и го усогласија со европските тенденции за регулирање на правта на потрошувачите. Од друга страна, бројните амандмани го направија законот нефункционален и тешко разбирлив.

Предлог Законот за заштита на потрошувачите ќе се усогласи со повеќе директиви и тоа: Директивата на Советот 85/374/ЕЕЗ од 25 јули 1985 година за приближување на законите и другите прописи на државите-членки за одговорноста за неисправни производи, односно Директивата 1999/34/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 10 мај 1999 година за изменување и дополнување на Директивата на Советот 85/374/ЕЕЗ од 25 јули 1985 година за приближување на законите и другите прописи на државите-членки за одговорноста за неисправни производи, со Директивата на Советот 93/13/ЕЕЗ од 5 април 1993 година за нечесните одредби во потрошувачките договори, со Директивата 98/6/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 февруари 1998 година за заштитата на потрошувачите при означувањето на цените на стоките што им се нудат на потрошувачите, со Директивата 1999/44/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 25 мај 1999 година за одредени аспекти на продажбата на потрошувачка стока и за поврзаните гаранции, со Директивата 2005/29/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 11 мај 2005 година за нечесните трговски практики на деловните субјекти кон потрошувачите на внатрешниот пазар, со Директивата 2008/122/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 14 јануари 2009 година за заштитата на потрошувачите во поглед на одредени аспекти на договорите за временски поделена употреба на недвижност, за долгорочен производ за одмор, за препродажба и за размена, со Директивата 2009/22/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2009 година за налозите за заштита на интересите на потрошувачите и со Директивата 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2011 година за правата на потрошувачите (чл. 2(1) Директива 1999/34/ЕЗ; чл. 10(2) Директива 93/13/ЕЕЗ; чл. 11(1) Директива 98/6/ЕЗ; чл. 11(1) Директива 1999/44/ЕЗ; чл. 21(1) Директива 2002/65/ЕЗ; чл. 19 Директива 2005/29/ЕЗ; чл. 16(1) Директива 2008/122/ЕЗ; чл. 28(1) Директива 2011/83/ЕУ).

Воедно новиот Предлог закон ќе се усогласи со Законот за прекршоци кој е во процедура на донесување.

## 2. Цели на предлог регулативата

Цели на предлог регулативата се:

1. Подобро информирање и едуцирање на потрошувачите за нивните права;
2. Обезбедување на потрошувачите со инструменти за брзо решавање на споровите;

3. Подобро остварување на правата на потрошувачите преку ефективен надзор на пазарот;
4. Понатамошен развој на политиката за безбедност на производите;
5. Зајакнување на независноста и репрезентативноста на здруженијата за заштита на потрошувачите;
6. Зајакнување на улогата на локалната и регионалната самоуправа во реализација на политиката за заштита на потрошувачите.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Ова решение значи да не се донесе предложениот закон и е неприфатлива опција, бидејќи со нејзиното одбирање нема да се постигне горенаведената цел.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со новиот Предлог закон кој се усогласува со директивите на Европската Унија се уредуваат одредби со кој се овозможува примена на ервропското право во областа на заштитата на потрошувачите, а воедно и појасно дефинирани обврски кои треба да ги исполнат трговците и правните лица спрема потрошувачите. Предложените решенија ќе придонесат: да се креира модерна законска рамка, која, од една страна обезбедува високо ниво на заштита на правата за потрошувачите, а истовремено гарантира полесни услови за деловно работење; да се зајакне административниот капацитет на Министерството за економија одговорно за спроведување на политиката за заштита на потрошувачите, да се воспостави соодветна административна структура за развој и координација на оваа политика со сите други засегнати страни, да се зајакне независноста и репрезентативноста на здруженијата за заштита на потрошувачите, да се подобрат механизмите за поддршка на потрошувачите за решавање на нивните приговори и да се обезбедат адекватни услови за имплементација на политиките за безбедност на производи, се со цел да се постигне понатамошен напредок во оваа област.

Со овој закон се овозможува и намалување и на казнените одредби согласно новиот Закон за прекршоци, се уредува попрецизно и улогата на организациите на потрошувачи и воедно и на Советот на потрошувачите како на национално и така и на локално ниво.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

### *Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

Имплементацијата на европските стандарди за заштита на потрошувачите ќе ја зголеми конкурентноста на македонската економија и ќе го олесни нејзиното

вклучување на внатрешниот пазар, а тоа треба да влијае на раст на економската активност во целина.

### 4.2 *Фискални влијанија*

Со цел да се зачува и да се зголеми просперитетот, потрошувачот мора добро да управува со својот имот. За да може да се смета за финансиски способен, тој/таа мора да биде способен да управува со неговиот личен/семеен буџет, да планира однапред, да донесува одлуки во врска со финансиски производи/услуги, да ги разбира или да ги разбере финансиските концепти, производи/услуги, ризикот и последиците од неговите одлуки. Потрошувачот мора исто така да ги следи настаните на финансискиот пазар според неговите/нејзините потреби. –

Новиот закон ќе понуди финансиско образование на потрошувачите како дел од спроведувањето на услугата за информирање на јавноста.

Исто така ќе се намалат казните за трговците-прекршителите на потрошувачките права.

### 4.3 *Социјални влијанија*

Социјалните фактори имаат мошне широко влијание врз однесувањето на потрошувачите и според социолошкото објаснување за однесувањето на потрошувачите акцентот се става на човекот како индивидуа и како вид и производ на општеството. Во групата на социјални фактори влегуваат повеќе фактори: културата, субкултурата, општествениот слој, референтните групи, семејството, улогата и статусот на поединецот во општеството и начинот на живот. Припадноста на одредени социјални слоеви т.е.. групи во голема мера го определува неговото однесување како потрошувач.

Новиот закон за заштита на потрошувачите преку правната заштита ќе влијае врз поединечните групи на граѓани (најранливите или најризичните групи во однос на сиромаштијата, децата, лицата со посебни потреби, невработените), односно Законот за заштита на потрошувачите го дефинира поимот „ранлив потрошувач" како потрошувачот кој поради својата економска или општествена положба, условите на живот, посебните потреби или другите тешки лични и семејни прилики набавува стоки или услуги под особено отежнати услови или пак е оневозможен истите да ги набави,како и потрошувачот кој поради телесни или душевни маани, старост или лековерност се однесува на начин што трговецот можел разумно да го предвиди.

### 4.4 *Влијанија врз животната средина*

Една од важните цели за заштита на животната средина е одржлив развој и одржлива потрошувачка. Политиката за заштита на животната средина вклучува механизми со кои се намалува влијанието на производите врз животната средина. ЕУ промовира производство на еколошки производи, посоодветно менаџирање на компаниите во поглед на животната средина, зелени јавни набавки, информирање на јавноста за влијанието на нивните активности врз животната средина и подигнување на свеста за животната средина на потрошувачите и економските оператори. Правилната употреба на уреди за греење и вентилација, исто така, придонесува за одржлива потрошувачка. Имплементацијата на услугата за

чистење на оџаци дава важен придонес за активна заштита на животната средина и хигиената на подрачјето или за здравите услови за живеење

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

**а) трошоци за спроведување**

Во текот на анализата не се утврдени значителни влијанија во оваа област

***б) трошоци за почитување на регулативата***

Во текот на анализата не се утврдени значителни влијанија во оваа област

## 5. Консултации

***5.1 Засегнати страни и начин на вклучување***

***5.2 Преглед на добиените и вградените мислења***

***5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто***

## 6. Заклучоци и препорачано решение

***6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)***

Решението ќе има позитивно влијание за конкурентноста на економијата, заштитата на потрошувачите, зајакнувањето на административните капацитети, намалување на казните за трговците-прекршителите на потрошувачките права, како и приближување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската унија.

***6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)***

Ризикот постои во спроведувањето на законските решенија заради недостик на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор

***6.3 Препорачано решение со образложение***

Да се креира модерна законска рамка, која, од една страна обезбедува високо ниво на заштита на правата за потрошувачите, а истовремено гарантира полесни услови за деловно работење; да се зајакне административниот капацитет на Министерството за економија одговорно за спроведување на политиката за заштита на потрошувачите, да се воспостави соодветна административна структура за развој и координација на оваа политика со сите други засегнати страни, да се зајакне независноста и репрезентативноста на здруженијата за заштита на потрошувачите, да се подобрат механизмите за поддршка на потрошувачите за решавање на нивните приговори и да се обезбедат адекватни услови за имплементација на политиките за безбедност на производи, се со цел да се постигне понатамошен напредок во оваа област.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

***7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области***

Со донесување на предметниот закон, нема да се предизвика потреба од менување на други закони.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Донесувањето на предложениот законот имплицира донесување на подзаконски прописи.

-член 17- Со акт на министерот за економија ќе се утврди за кои стоки не е потребно да се означува единичната цена, во смисла на правилото од ставот (2) од овој член, со тоа што со актот на министерот за економија може да се определи листа на непрехранбени стоки или нивни категории на кои што, независно од правилото од ставот (2) од овој член, трговецот е должен да ја означи единичната цена.

-член 28- Со акт на министерот за економија се определуваат условите, начинот и роковите во кои што се врши сезонското намалување.

-член 181- Со акт на министерот за економија се определуваат формата, содржината и начинот на водење на регистарот на здруженија за заштита на правата на потрошувачите, како и содржината и формата на пријавата за запишување во регистарот на здруженија за заштита на правата на потрошувачите.

-член 197- Со акт на министерот за економија се определуваат формата и содржината на регистарот на потрошувачки приговори.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Надзор над спроведувањето на правилата од овој закон и од прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.

Инспекциски надзор над спроведувањето на правилата од овој закон и од прописите донесени врз основа на овој закон вршат Државниот пазарен инспекторат и Агенцијата за храна и ветеринарство, преку државните пазарни инспектори и државните инспектори за храна, соодветно и во рамките на нивните надлежности предвидени со правилата од овој закон.

Во поглед на правилата од овој закон што се однесуваат на нечесните трговски практики надлежни се и другите органи за надзор на пазарот како Државниот санитарен и здравствен инспекторат преку државните санитарни и здравствени инспектори, Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство и државните фитосанитарни инспектори, Државниот инспекторат за техничка инспекција преку државните технички инспектори, Агенцијата за лекови и медицински средства преку фармацевтските инспектори, Агенцијата за електронски комуникации преку лицата вработени во стручната служба на Агенцијата кои за тоа се овластени од директорот на Агенцијата, Државниот инспекторат за животна средина преку државните инспектори за животна средина и државните инспектори за заштита на природата, Комисијата за заштита на конкуренцијата преку лицата вработени во стручната служба на Комисијата, Министерството за финансии преку лицата овластени од министерот за финансии, а во рамките на нивниот предмет на надзор уреден со посебни

прописи, како и било кои други органи или тела кои вршат надзор на пазарот, ако нивната надлежност е уредена со посебни прописи.

***7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон***

Министерството за економија ќе преземе активности за целосна имплементација на предметните решенија. (организирање на обуки, работилници, медиумски кампањи)

## 8. Следење и евалуација

***8.1 Начин на следење на спроведувањето***

Во Република Северна Македонија, се посветува малку внимание на обезбедување на веродостојни податоци и анализи на состојбата на потрошувачките пазари (како на пример-податоци за фактичките повреди на правата на потрошувачите на пазарот, анализа на пазарот, анализа на довербата на потрошувачите, истражување на однесувањето на потрошувачите, итн.). Врз основа на веродостојни податоци, ќе биде можно ефикасно да се следи усогласеноста со законските барања и да се идентификуваат потребите на потрошувачите и ефикасно да се планира потрошувачката политика.

Потребно е да се воспостави единствена информациска онлајн платформа за класификација на жалбите на потрошувачите која ќе овозможи "следење и класификација на жалбите по видови совети, сектор, метод на продажба, правна основа и вредност на спорот" Податоците кои ќе се приберт ќе се користат редовно за подготовка на преглед на безбедност на потрошувачите. Покрај тоа, редовно треба да се следат и моделите на потрошувачка, трендовите на потрошувачите, влијанието на рекламирањето, мислењето, вреднувањето и ставовите на потрошувачите за прашања како што се безбедноста на производите и услугите на пазарот.

***8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови***

Индикатори:

-Интегрирање и развивање на заштитата на потрошувачите во сите политики кои влијаат на потрошувачите;

-Ефективно спроведување на услугите за заштитата на потрошувачите и промоција на функционирањето на невладините организации;

-Одржлива потрошувачка и заштита на животната средина;

-Обезбедување на заштита на потрошувачите во финансиските услуги;

-Обезбедување на безбедност и квалитет на производите кои не се храна и прехрамбени производи и услуги на пазарот;

-Заштита на економските интереси на потрошувачите и зајакнување на државните институции и невладиниот сектор;

-Ефективни форми на вон судски постапки за решавање на потрошувачките спорови.

Со овие индикатори ќе се мерат ефектите од донесувањето на Законот за заштита на потрошувачите како што се: подобра благосостојба на потрошувачите, свесност

и информирање на потрошувачите, ефективно планирање и имплементација на политиките на заштита на потрошувачите, зголемување на пристапноста и ефективноста на правните лекови и зајакнувањето на улогата на државните институции и невладините организации за заштита на потрошувачите во рок од пет години.

## Изјава од државниот секретар

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**
10.04.2019

**Државен секретар**
**Зоран Павловски**

Изработил: Соња Мишиќ Алексовски
Контролирал: Нериман Целадини
Одобрил: Блерим Златку